Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Државен Инспекторат за Животна Средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor**
**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

ИП Бр.29-406
Дата: 27.08.2025 година
Тетово

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Државен инспекторат за животна средина** (Палата Емануел Чучков)
Ул."Павел Шатев" бр.2 5ти спрат
1000 Скопје
www.sei.gov.mk

Канцеларија во Тетово
Ул.Илинденска ББ
ГТЦ, I кат, локал бр.28
1200 Тетово

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor**
**Inspektorati shtetëror i mjedisit jetësor**
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Rr."Pavel Shatev" nr.2 Kati i V
1000 Shkup
www.sei.gov.mk

Zyra në Tetovë
Rr.Ilindenit pa numër
QTQ, Kati I, lokali nr.28
1200 Tetovë

Државниот Инспекторат за животна средина преку инспекторот Бедри Суљејмани, со службена легитимација број 06-0018, изврши редовен инспекциски надзор во правниот субјект ДГ РЕИС ИНВЕСТ ДООЕЛ с.Желино со седиште во Ул.104 бр.106 с.Желино, Желино застапувано од управителот г-дин Авдилнасер Али и со Записник со ИП Бр.29-406 од 02.06.2025 година, утврди недостатоци и врз основа на член 200 став 1 точка 14 од Закон за животната средина (Сл.весник на РСМ.бр.89/2022, 171/22 и 3/25), член 33 од Закон за инспекциски надзор во животната средина (Сл.весник на РСМ бр.99/2022) и член 83 од Закон за инспекциски надзор (Сл. весник на РСМ бр.102/2019, 272/24 и 22/25 донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**1. СЕ ЗАДОЛЖУВА** правниот субјектот ДГ РЕИС ИНВЕСТ ДООЕЛ с.Желино со седиште во Ул.104 бр.106 с.Желино, Желино со матичен број [redacted] и даночен број 4050018502641, претставено од управителот г-дин Авдилнасер Али во рок од 30 (триесет) дена продолжен рок, од денот на прием на ова решение **изврши мерења за бучава во животната средина и мерења на ПМ 10 честички (суспендирани честички ди 10 микрометри) во амбиентниот воздух**.

**2.** За преземените активности да се информира Државниот инспекторат за животна средина писмено или во електронска форма во рок од три (3) дена.

**3.** Доколку горенаведениот субјект не постапи според задолженијата од претходните точки од ова решение, Државниот инпекторат за животна средина ќе постапи согласно член 212-е став 1 точка 18 од Законот за животната средина (Службен весник на Службен весник на РСМ. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 99/2018; 89/2022 ;171/2022 и 3/25).

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државниот инпекторат за животна средина постапувајќи по службена должност на ден 02.06.2025 година, изврши редовен инспекциски надзор во правниот субјект ДГ РЕИС ИНВЕСТ ДООЕЛ с.Желино со седиште во Ул.104 бр.106 с.Желино, Желино (43.39- Останати завршни градежни работи), при што се изготви Записник за констатација со ИП Бр. 29-406.

При извршување на инспекцискиот надзор е констатирано дека правниот субјект работи по редовен режим на работа во погонот за производство на бетонски елементи – цевки за водовод и канализација во различни профили. Правниот субјект нема извршено мерења за бучава во животната средина и нема извршено мерење на $ПМ_{10}$ честички (суспендирани честички до 10 микрометри) во амбиентниот воздух.

Поради гореизнесеното Државниот инпекторат за животна средина донесе решение како во диспозитивот:

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административни таксени марки.

Решено во Државен инспекторат за животна средина - канцеларија во Тетово под ИП Бр.29-406 на ден 27.08.2025 година.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Bedri Sulejmani, Советник инспектор

Доставено до:
- Архива,
- ДГ РЕИС ИНВЕСТ ДООЕЛ Ул.104 бр.106 с.Желино, Желино

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Државен инспекторат за животна средина** (Палата Емануел Чучков)
Ул."Павел Шатев" бр.2 5ти спрат
1000 Скопје
www.sei.gov.mk

Канцеларија во Тетово
Ул.Илинденска ББ
ГТЦ, I кат, локал бр.28
1200 Тетово

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikitmit hapësinor**
**Inspektorati shtetëror i mjedisit jetësor**
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Rr."Pavel Shatev" nr.2 Kati i V
1000 Shkup
www.sei.gov.mk

Zyra në Tetovë
Rr.Ilindenit pa numër
QTQ, Kati I, lokali nr.28
1200 Tetovë